NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

01-47/1
23.02.2026

Врз основа на член 28 став (2) алинеја 3 и член 70 став (7) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ" бр. 15/2008), член 12 став (2) алинеја 3 од Статутот на Национална установа Охридско лето - Охрид бр.01-114/13 од 10.04.2024 година и Решение на министерот за култура и туризам бр. УП1 бр.21-684/2025 од 11.02.2026 година, директорот на НУ Охридско лето - Охрид на ден 23.02.2026 година ја донесе следната:

# ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ОХРИДСКО ЛЕТО - 0ХРИД ЗА 2026 ГОДИНА

## I. МУЗИЧКА И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

### 1. Програмски активности на установата

### 1.1. Фестивал „Охридско лето" 66-то издание

НУ Охридско лето - Охрид ќе го организира шеесет и шестото издание на фестивалот „Охридско лето", во традиционалниот термин од 12 јули до 20 август 2026 година, во Охрид. Фестивалот „Охридско лето" се организира под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија, со финансиска поддршка од Министерството за култура и туризам, Локалната самоуправа - Општина Охрид, спонзори и помагатели.

Со решение од Министерството за култура и туризам, утврдени се финансиски средства за работа на Националната установа Охридско лето - Охрид за 2026 година во износ од **33.450.000** (триесет и три милиони четристотини и педесет илјади) денари од буџетската програма 70, културно-уметнички манифестации и расходна ставка 464 – разни трансфери на Министерството за култура и туризам.

Прилог 1: Музичка и драмска програма за фестивал „Охридксо лето", 66-то издание

### 1.2. Дополнителни програмски активности

НУ Охридско лето - Охрид со цел презентирање на културните вредности и развој на културниот туризам, во текот на 2026 година ќе организира неколку концерти надвор од 40те фестивалски денови и тоа осмомартовски концерт, велигденски концерт, новогодишен концерт и концерт во Скопје, сите финансирани од сопствени приходи.

Прилог 2: Дополнителна прогарама за 2026 година

## II. МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ

### 1. Котизација за членство во Европската асоцијација на фестивали за 2026 година и учество на Генералното собрание на ЕФА и Уметничкиот Самит на фестивали во Будва, Црна Гора, од 16-19 мај 2026 година

Фестивалот „Охридско лето“ е член на ЕФА (Европска Асоцијација на Фестивали со седиште во Брисел, Белгија) од 1994 година. Со учество на повеќе проекти иницирани од ЕФА, фестивалот „Охридско лето“ ја потврди меѓународната репутација и се вгради во европските културни текови кои овозможуваат простор за значајни уметнички достигнувања. Продолжување на воспоставената комуникација со меѓународната организација ќе се реализира со меѓународни посети за меѓународна промоција, со зголемување на информациите за фестивалот, дејноста на установата, плановите и предлози за соработка за размена на програми и проекти, за заедничко создавање на програми и проекти, покана за гостување и други форми.

Со решение од Министерството за култура и туризам, утврдени се финансиски средства за работа на Националната установа „Охридско лето“ - Охрид за 2026 година во износ од **385.000** (триста осумдесет и пет илјади) денари од буџетската програма 90, меѓународна соработка и расходна ставка 464 – разни трансфери на Министерството за култура и туризам.

## III. ИНВЕСТИЦИСКО ОДРЖУВАЊЕ, ОСИГУРУВАЊЕ, АДАПТАЦИЈА И НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА УСТАНОВАТА

Во текот на 2026 година со средства од самофинансирачки активности ќе се реализираат следните активности во делот на инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:

- набавка на компјутерска опрема за установата (спонзорство во опрема);
- набавка на столици за гледалиштата на сцените;
- реконструкција на деловен објект (нови работни простории во постојната зграда) и
- одржување на опремата, работните простории и сцените

Директор,
М-р,Ѓорѓи Цуцковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Охрид